МЦМС

# 2001 Годишен извештај



# СОДРЖИНА


ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА
- Водоснабдување и санитација на заедниц- 4

ОБРАЗОВАНИЕ
- Применето образование за младите Роми
- Гулдбергов план за хендикепирани
- Место за хендикепираните 6

ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ
- Македонска развојна фондација за претпријатија
- Микро и мали претпријатија
- Жените за сопствен бизнис
- Поддршка на претприемништвото 7

ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИ-
- Јакнење на невладините организации
- Граѓански свет
- НВО Саем
- Јакнење на капацитетите на женските НВО за здравствена едукација
- Перспективи
- Градење односи во заедницата
- Вештини за медијација 8

КРОССЕКТОРСКИ ПРОГРАМИ
- Македонска криза
- Враќање на раселените лица
- Хуманитарна помош од сите за сите
- Награда за граѓанско општество и демократи-ја и Награда за одржлив развој ,,Херт Јан ван Апелдорн'' 10

МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ
- Посткризна рехабилитација на Косово
- Транзиција на Косово
- Мрежа за градење капацитет 12

СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС 13

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МЦМС 14

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ 15

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 16

ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИ 21


# МИСИ-

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество што работи во областа на одржлив развој, градење на света и социјално-хуманитарна (основна) помош.

Целта на МЦМС е поттикнување, поддршка и развој на локални, национални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа.

За остварување на целите и задачите МЦМС ги мобилизира и ги организира човечките ресурси, финансиските и материјалните средства, како во земјата, така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

# ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МЕТОДИ

**Стратешки цели на МЦМС се:**
- промоција на мирот;
- понатамошен развој на граѓанското општество;
- помош на групите што имаат потреба од неа.

**МЦМС е активен во следниве сектори:**
- водоснабдување и санитација;
- образование;
- рурален развој;
- вработување и остварување приходи;
- граѓанско општество и демократизација;
- итна помош.

**МЦМС активностите ги остварува преку:**
- финансиска поддршка на проекти;
- обука и совети;
- информации;
- застапување и лобирање;
- раководење.


МЦМС е презапишан во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондации во Основниот суд - Скопје 1, под регистарски број 492, со решение бр. 434/99 од 06.10.1999 година. Матичен број 4878256. Единствен даночен број 4030994180119.

# ГЛАВНИ НАСТАНИ И ТОЧКИ

Во 2000 година МЦМС помина низ процесот на среднорочна оценка кој заедно со процесот на развој на стратегијата помогна да се обезбедат одговори за тоа што постигнавме и каде одиме понатаму. Тоа за МЦМС беше крај на вториот среднорочен период. МЦМС очекуваше дека новиот период ќе биде поттикнувачки.

Наспроти очекувањата, за прв пат од постоењето Македонија се соочи со криза со вооружени судири на сопствената територија. Воениот судир доведе до влошување на севкупната состојба во Македонија. МЦМС оперираше во сосема изменет амбиент на зголемена етничка недоверба, воени судири и ограничена безбедност, како и изострени социо-економски односи. Во втората половина на годината започна мировниот процес во земјата. Ова овозможува и започнување на процесот на враќање на раселените лица.

МЦМС во 2001 година оствари вкупен обем (портфолио) од 89 проекти и буџет од околу 120 милиони МКД.
Вкупниот обем на проекти го надмина планираниот и е со висока комплетираност. Сепак, портфолиото е намалено во однос на претходната 2000 година за околу 40%, а финансиски и повеќе, односно околу 60%. Ваквото намалување е поради тоа што МЦМС ги заврши програмите Основно и здравствено образование (ОЗО), Поврзување на претпријатијата Скопје-Солун (ПСС), Обновување на животот на Косово (ОЖК) кои во претходниот споредбен период учествуваа со околу 63% во портфолиото на проекти, а само ОЖК учествуваше со околу 58% од буџетот во споредбениот период.

Во 2001 година започна новиот среднорочен период кој ќе трае до крајот на 2003 година. МЦМС се соочи со програмска транзиција во отежнати услови. Резултат се значителни програмски промени од воведувањето нови програми и измени на претходни програми.

МЦМС соодветно одговори на кризата и вложи многу напори во активности за превенција на понатамошниот негативен развој на кризата и за поттикнување, односно за одржување на отворениот дијалог. И хуманитарната помош е за поддршка на мирот: брз одговор за смирување на страстите; работа на организации од различно потекло, итн. Една од главните карактеристики беше навремен одговор на потребите. МЦМС прв организира хуманитарна помош и прв ги започна активностите за посткризна рехабилитација (реконструкција на живеалиштата).

МЦМС по присуство од две години во Косово ги заврши сите хуманитарни активности на 30 јуни. Со тоа МЦМС го заврши своето директно спроведувачко присуство и тоа го промени во партнерство со локални НВО на развојни програми.

МЦМС во 2001 година, меѓу другото, успеа да ја нагласи соработката со другите актери и иновациите, да ја интензивира регионалната соработка и да го зголеми присуството во медиумите.

Програмските промени и кризата го зголемија обртот на персоналот на МЦМС. Околу 40% од составот на персоналот е изменет заради престанок на работниот однос, прераспоредување или прием на нови вработени.

МЦМС во отежнати услови ја зачува внатрешната кохезија и стабилност.
Предизвиците што стојат пред МЦМС се вклучување во посткризната рехабилитација, понатамошно прилагодување на активностите кон промените во контекстот, зголемувањето на обемот на проекти и подобрување на пристапот кон владини фондови.



Мирко Спироски
Претседавач



Сашо Клековски
Извршен директор

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦИТЕ (ВСЗ)

Општа цел на програмата Водоснабдување и санитација на заедниците е да придонесе во подобрување на здравјето на луѓето и создавање услови за економски активности во заедниците, и да обезбеди пристап до вода за пиење и одведување на отпадните води.
Целна група на Програмата се жителите на заедниците во Македонија, со специфично фокусирање на регионите кои имаат значителни проблеми со водоснабдувањето и со санитацијата.
Со проектите одобрени во 2001 година опфатени се вкупно 15 заедници, односно здрава вода за пиење добија 10.383 корисници. Од нив 8 се целосно комплетирани и се ставени во функција, додека преостанатите 7 се очекува да се завршат во првата половина на 2002 година.
Со Програмата, МЦМС во 2001 година одобри проекти за изградба или реконструкција на седум пумпни станици, една каптажа, 495 $м^3$ резервоарски простор (6 резерваори) и 20.915 м' цевковод.
Вкупната вредност на одобрени проекти изнесува 58.521.176,00 МКД. Од тоа, МЦМС учествуваше со 29.851.656,00 МКД или околу 51%.

### СЕЛОТО ЌЕ ЗАЖИВЕЕ ПОВТОРНО

Седумдесет и двегодишната Цвета и нејзиниот сопруг Киро, една година постар од неа, ги запознавме при посетата на селото Горни Балван.
Баба Цвета ја сретнавме во близината на нејзината куќа. Нејзината срдечна покана да ѝ бидеме гости не можевме да ја одбиеме.
Брзо и вешто таа пред нас стави неколку столчиња и тргна да свари кафе. „Задоцнивме малку со спроведувањето на водата до дома", вели таа, „не фати зима и не можеше да се копа, па дури сега, пред некој ден се заврши работата". Полнејќи го ѓезвето со вода од новата чешма во дворот таа раскажува за тоа колку е тежок животот во селото кога се нема дома вода. „Зимава морав да собирам снег за да исперам за мене и за дедото", вели баба Цвета, „а не сум веќе млада. И не сме само ние, дал Господ и некоја кокошка, коза, па и тие се души и на нив треба да им дадам вода да се напијат". Во собата, покрај креветот, шпоретот на дрва и една маса има и старински креденец на кој се наредени фотографии од сите деца и внуци на баба Цвета и дедо Киро. „Ниту еден не остана овде", вели таа следејќи го мојот поглед, „син ми доаѓа да не посети, да ни помогне, другите се подалеку, не можат често да доаѓаат, а и знаеш секој со своите проблеми. Имаме три деца и седум внуци, доаѓаат одвреме-навреме кај баба и дедо", додава таа. Ја прашувам дали некогаш не помислила да го напушти селото, да се отсели поблиску до децата. „Бог да чува", вели таа, „нема да можеме да живееме на друго место, што ќе правиме таму? Овде си имаме три кози, неколку кокошки, магаре, со нив се занимаваме има доста работа околу куќата, а и подобро така оти човекот без работа ништо не е, ако седиш ќе те фатат триста болки, вака нема време за тоа."



На камените степеници до новата чешма стои недовршената работа на нашата домаќинка, алиштата за перење. „Ќе ги завршам подоцна, само кога не морам да носам кофи со вода од сретсело, сè ќе биде," вели таа.
Дедо Киро се сеќава дека селото не било секогаш вакво, со стари куќи , со малку луѓе. „Педесеттите години овде имаше околу 150 куќи (сега има 38 домаќинства со околу 80 жители), беше живо село", вели тој. „Отидоа младите во градот, да работат во фабрики. Арно ама сега фабриките се затворија, нема пари, нема чаре, па некои почнаа да се враќаат назад", вели дедо Киро. „Еден наш соселанец дојде и си ја обнови куќата. Во градот има мал стан, нема работа, нема пари, а децата веќе пораснале, си имаат потреби... А тој овде чува десетина кози, свиња, кокошки, така може да извади некоја пара. И полесен е животот сега, ни направија асфалтен пат, побрзо се доаѓа до селото, ни направија водовод, не мора да вадиме вода од бунар или постојано да одиме на селската чешма, има разлика од порано, се чувствува. Селото ќе заживее повторно!"
Се поздравивме со нашите домаќини. „Повелете пак", ни вели баба Цвета. Уште не стасавме ни до сретсело, а тие веќе се вратија на своите обврски. За една работа не мора да се грижат, за водата, нема веќе носење полни кофи од селската чешма. Едно големо гајле помалку.

## ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗАЕДИЦИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ (ОЗИ)

Општа цел на програмата Оспособување на заедниците и институциите е да се даде придонес во одржливиот развој на заедниците, особено во маргинализираните рурални и приградски населби, преку нивно оспособување за организација и управување со развојните иницијативи.
Целна група на Програмата се жителите на заедниците во Македонија, со специфично фокусирање на регионите кои имаат значителни проблеми со водоснабдувањето и санитацијата.
Во 2001 година МЦМС поддржа 15 заедници со финансиска поддршка за градба на водоснабдителни системи. Паралелно со реализацијата на финансиската поддршка во шест заедници (3,315 корисници) МЦМС спроведе тековна обука и давање совети за групите на заедниците одговорни за реализација на проектите. Советите и водењето на групите подразбираше: градење стратегија и формирање организациска структура, партиципација во одлучувањето и обезбедување подобни технички и финансиски решенија. Ова овозможи полесно и поефикасно спроведување на проектите за подобрување на заедниците во шест заедници.



МЦМС поддржа три заедници во изготвувањето проектни дизајни за изградба на водоводи што овозможи дополнителна мотивација и можност за започнување проекти за градба на водоводи кои ќе го подобрат водоснабдувањето на населението.
Кон крајот на 2001 година обезбедена беше техничка помош (техничка и канцелариска опрема) за три институции (јавни комунални претпријатија) од општините каде МЦМС е значително присутен со проекти за водоснабдување на заедниците.

## МАЛИ РАЗВОЈНИ ИНИЦИЈАТИВИ (МРИ)

Општа цел на програмата Мали развојни иницијативи е да се придонесе во одржливиот развој на заедниците, особено во маргинализираните рурални и приградски средини, за да се поттикнат заедниците за реализација на мали развојни проекти, иницирани од нивна страна.
Целна група на Програмата се жителите на заедниците во Македонија, со специфично фокусирање на регионите што се опфатени со програмата Водоснабдување и санитација на заедниците.
Со одобрените проекти во 2001 година беа опфатени околу 6.600 жители од општината Могила и од селото Бардовци.

### ЦЕНТАР ЗА ОБУКА ЗА РАБОТА СО КОМПЈУТЕРИ

Малите иницијативи не еднаш значеле големи придобивки за заедниците. Една таква беше опремувањето и започнувањето со работа на Центарот за обука за работа со компјутери во општината Могила. Податокот дека во општината постојат 12 основни училишта со околу 600 ученици, 140 средношколци и неколку десетици студенти ја поткрепува потребата за пристап до знаењата за информатичката технологија.
Имајќи го предвид ова и знаејќи ги економските проблеми коишто го оневозможуваат инвестирањето на општината во ваквите проекти МЦМС ја поддржа иницијативата за опремување центар каде ќе се овозможи обука за работа со компјутери за сите заинтересирани.
„Јас навистина не очекував толкав интерес за обуката“, рече градоначалникот на Могила, Славко Велевски. „Курсот за копјутери го завршија 48 ученици. Интересот беше и поголем, меѓутоа просторните можности и опременоста не ни дозволија да вклучиме повеќе посетители“, додава Велевски.
Обуката ја спроведува квалификуван професор, а цената со која партиципираат учесниците на курсевите е пониска од комерцијалната. На овој начин се обезбедува одржливост на центарот со што се осигурува неговото постоење и без надворешни донации.

## ПРИМЕНЕТО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ РОМИ (ПОР)

Општа цел на програмата Применето образование за младите Роми е да се придонесе кон подобрување на состојбата на младите Роми во Македонија.
Цел на Програмата е да се подобри вклученоста во основното образование и да се зголемат можностите за вработување на ромската младина.
Целна група на Програмата се младите Роми на возраст од 11 до 25 години, со можност за вклучување млади луѓе и до 30-годишна возраст во поглед на одредени активности (професионални курсеви и чиракување). Со Програмата се опфатени и други целни групи како што се пошироката ромска заедница, персоналот од вклучените училишта, учениците кои не се Роми, и пошироката јавност и јавните институции.
Еден од предусловите за започнување на Програмата беше стабилна политичка и безбедносна ситуација во земјата. Започнувањето и разгорувањето на воениот конфликт го одложи почетокот на Програмата. Подготовките продолжија. Контактирано е со ромските невладини организации и државните установи надлежни за образование.
МЦМС го доби потребното одобрение од Министерството за образование и наука, со што беше задоволен и вториот, формално-правен, предуслов за започнување на програмата.
Беа одржани три информативни средби, по една во Штип, во Битола и во Скопје, на кои беа презентирани програмата, условите и критериумите за учество.
Интересот на невладините организации за учество во Програмата беше извонредно голем. До МЦМС беа доставени 60 пријави од сите градови во државата со значителен број ромско население. На почетокот од декември беше завршен процесот на избор на квалификувани организации. Пријавите на 15 организации од 11 градови ги исполнуваа условите за учество во Програмата. Кон крајот на декември беше одржана првата средба на претставници од вклучените организации, на која се дискутираше за приоритетните активности на почетокот од 2002 г. Периодот на спроведување на Програмата е продолжен до крајот на јуни 2004 г., со што во целост ќе биде покриена учебната 2003-2004 г.





Според Министерството за образование и наука, во Македонија има 6.993 неписмени Роми (што е околу 16% од вкупниот број Роми кај нас). Од нив, 5.069 се жени. Стапката на неписменост во Македонија е 5,4%.
Според Државниот завод за статистика, стапката на невработеност кај Ромите е над 70%. Според проценките на ромските невладини организации, таа надминува 80%. Стапката на невработеност во Македонија е нешто над 30%.
Според едно истражување на УНИЦЕФ од 1999 година во најголемата ромска населба Шуто Оризари од децата на возраст од 7 до 18 години, настава редовно посетуваат само 66,57%. Вкупно 68,57% од ромските деца на возраст за средно образование не посетуваат настава.
Околу 75% од испитаните родители како главна пречка за редовност на нивните деца на училиште ја навеле сиромаштијата.

## ГУЛДБЕРГОВ ПЛАН ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ (ГПХ)

Општа цел на Програмата е да се даде придонес кон надминување на социо-економската маргинализација и интеграција на хендикепираните лица во општеството.
Цел на Програмата е да се поддржат здруженијата на хендикепираните лица и здруженијата кои се грижат за хендикепираните, преку обезбедување финансиска поддршка за јакнење на организацискиот и институционалниот капацитет и подобрување на нивната видливост.
Целна група на Програмата се хендикепираните лица во земјата и нивните здруженија, како и здруженијата кои се грижат за хендикепираните. Целната група ги опфаќа хендикепираните лица во социјалните установи, во специјалните училишта, во заштитните работилници и оние надвор од нив.

## МЕСТО ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИТЕ

Снежанка Ставрева, триесетгодишна девојка од селото Кучичино, Кочанско, е чест посетител на Дневниот центар за лицата со ментален хендикеп на организацијата „Порака" од Кочани. „Често доаѓаме овде", вели нејзината мајка Трајанка, „таа доаѓа и самата дотука, а потоа со автобус се враќа дома".
Снежанка го посетувала Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Скопје, таму научила да плете, а овде се надеваат ќе научи и некои други вештини.
Емилија Георгиева, дефектолог во Центарот, спроведува посебно изработена програма во работата со овие лица. Дневниот центар на „Порака" го посетуваат повеќе од 30 лица со лесен и тежок хендикеп. МЦМС го опреми Центарот со компјутер, фотокопир, телефон и пропратни елементи за канцеларијата. Тие ќе придонесат за поуспешно социјализирање и учење (според можностите) на основите на компјутерското работење, фотокопирање, ракување со телефон и факс и сл.



## МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) има за цел да ги поттикнува иновативните, возможните и реплицирачки начини за обезбедување финансиски и нефинансиски услуги за фармерите, микро и малите претприемачи, во земјоделскиот и во неземјоделскиот сектор.
Во МРФП се спроведуваат две програми - Програмата за микро и мали претпријатија (ММП) и Програмата за поддршка на претприемништвото (ППП).

## ПРОГРАМА ЗА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (ММП)

Програмата е наменета за самостојно вработени или мали претприемачи, фокусирани на руралните области, индивидуални земјоделци, селани вклучени во мали претпријатија и мали претприемачи, со фокус на централниот и западниот дел на Македонија.
ММП во 2001 година опфати вкупно 1,985 корисници. Во делот на финансиски услуги, преку заемите од типот 1, 2 и 3, опфатени се 443 индивидуални земјоделци и 27 мали претпријатија. Од заемот тип 1 се реализирани заеми во вкупен износ од 200,000 евра. Со заемот тип 2 се кредитирани мали претпријатија во вкупен износ од над 1 милион евра, а со заемот тип 3 се пласирани средства во износ од над 1,8 милиони евра.
Во делот на нефинансиските услуги 366 корисници имаат посетено обука, 14 баратели на заем имаат користено услуги за изработка на план за бизнис од страна на акредитираните советодаватели, 15 земјоделски здруженија имаат добиено грантови и 1,120 претприемачи се информирани за изворите на финансирање во Република Македонија.

### ЖЕНИТЕ ЗА СОПСТВЕН БИЗНИС

Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП), по барање на Асоцијацијата на жените претприемачи на Македонија АРНА, од Скопје, финансиски го поддржа проектот Обука за жени претприемачи. Финансиската поддршка на МРФП беше во рамките на Програмата за микро и мали претпријатија, а АРНА се јави како спроведувач на проектот, во 2001 г. Во рамките на проектот се одржаа во два наврати по пет обуки. Со обуките се опфатија жени потенцијални претпримачи на возраст од 20 до 40 години, невработени, технолошки вишок, или вработени на кои не им се исплаќаат придонесите и нето-платите.



Обуките имаа за цел да ја развијат свеста на жената и да ја охрабрат за економско осамостојување преку самовработување. МРФП, преку АРНА, се обиде да ги мотивира жените учеснички за создавање сопствен бизнис и да ги информира за можностите и за начините за негова реализација Преку обуките се разработија бизнис-плановите, а тие опфатија повеќе бизнис-идеи на учесничките. Се работеше на темите: ,,Од идеја до бизнис'' (обука за мотивација), ,,Обука на претприемачи по методологијата ЦЕФЕ'', ,,Можности за финансирање во РМ'', и ,,Улогата на малите и средните претпријатија (МСП) во стопанството''.
Обуките се одржаа во неколку градови низ земјава. Вкупниот број на новообучени претприемачки, во сите овие обуки, изнесуваше 203, од цела Македонија, со различен етнички состав и со различно ниво на образование.

## ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО (ППП)

Од крајот на јуни 2001 година МРФП започна нова програма во соработка со Канадскиот центар за меѓународни студии и соработка (ЦЕЦИ) - Програма за поддршка на претприемништвото.
Програмата е наменета за поддршка на развојот на руралните бизниси и за нивно полесно интегрирање во пазарната економија.
Целта на ППП е да се обезбедат малите претприемачи од идентификувани потсектори со потребни алатки и информации кои ќе им овозможат подобро разбирање на пазарната динамика и поефикасно работење во истата.
Во текот на второто полугодие се спроведе првата фаза од проектот – идентификација на потсектори. Во оваа фаза беа идентификувани потсекторите домат, пиперка, вишна, малина, јаболко и пчеларство, а во понатамошната подготовка на студијата беше предложено за почеток да се изберат доматот и пиперката.

## ЈАКНЕЊЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ПЈН)

Општа цел е поттикнување на развојот на демократското и граѓанското општество во Македонија.
Цел на Програмата е подобрен институционален и организациски капацитет на невладините организации во Македонија.
Целна група на оваа програма се жените и мажите корисници на услуги на невладините организации во земјата, со фокус на жените, етничките малцинства, хендикепираните и младите.
Во 2001 со Програмата беа опфатени вкупно: 145 учесници од 102 граѓански здруженија во рамките на обуката, 60 НВО кои добија финансиска поддршка, како и низа други организации и институции, вклучувајќи ја и општата јавност, како корисници на услугите од полето на информациите, застапувањето и лобирањето.



Шестото издание на Адресарот на граѓански организации во Македонија содржи податоци за 1589 граѓански организации на 435 страници. Адресарот е издаден во печатена верзија на македонски јазик, а достапен е и на веб-страницата www.graganskisvet.org.mk.



## ГРАЃАНСКИ СВЕТ

Од јануари 2001 година МЦМС започна да го издава списанието Граѓански свет кое има за цел да придонесе кон подобрување на меѓусебната информираност на здруженијата на граѓани, како и на домашната и на меѓународната јавност за активностите на здруженијата кои дејствуваат во Македонија. Граѓански свет излегуваше во печатена верзија на 16 страници со тираж од 3.500 примероци и се дистрибуираше бесплатно. Резиме од текстовите во Граѓански свет беше објавувано еднаш во месецот на една страница во дневниот весник Утрински весник. Граѓански свет на македонски и на англиски јазик беше достапен на веб-страницата www.graganskisvet.org.mk и www.civicworld.org.mk.

## НВО САЕМ

Првиот саем на НВО се одржа од 23 до 25 октомври 2001 година во хотелот Александар палас, во Скопје. На простор од околу 1500 м², 144 организации ги презентираа своите активности. Надвор од изложбениот дел, на едукативните сесии, на трибините и на работилниците можеа да се слушнат идеи и размислувања за идниот развој на секторот на граѓанско организирање.



„НВО Саемот е организиран на многу високо ниво и во квантитативна и во квалитативна смисла. Оној што ќе се обиде да го оспори значењето на Саемот ќе направи многу голема грешка,“ изјави Гоце Тодоровски, од Центарот за граѓанска иницијатива од Прилеп. „Не заради тоа што сме дел од овој настан, не заради тоа што припаѓаме на секторот на НВО, туку заради квалитетот на самата манифестација. Нема потреба од никакви иронии, секторот на НВО е реалност. Навистина, има уште многу да се работи, но ваквите настани се шанса за промоција на секторот, шанса за контакти и шанса за развој на граѓанското општество“, додаде тој.
Саемот го организираа МЦМС, Католичките служби за помош и Институтот за трајни заедници. Заедничката активност на овие три организации беше позитивен пример на соработка. Во организацијата учествуваа уште 15 НВО од разни географски и целни области на делување.
Бројот на посетители од целата земја беше проценет на 4,000.

## ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НВО ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА (ЈЖЗ)



Општа цел на Програмата е подобрување на положбата на жените, посебно на жените од руралните и супурбаните региони во Македонија.
Цел на Програмата е јакнење на капацитетот на женските невладини организации и создавање хумани капацитети подготвени да спроведуваат здравствена едукација и други проекти меѓу жените од руралните и супурбаните региони во Македонија.
Целна група на Програмата се жените, со посебен акцент на жените од руралните подрачја, младите жени и претставничките на етничките малцинства.

Вкупно 93 жени-активистки на НВО беа обучувани за родовите односи, за развојот и за здравствената едукација. Сфаќање на поврзаноста на родовите односи и здравството, со посебен фокус на репродуктивното здравје и анализа на проблемите поврзани со родовите односи и здравството, беа основните цели на обуката.



### ПЕРСПЕКТИВИ

Двомесечното информативното гласило ,,Перспективи'' имаше за цел да го подобри протокот на информации за она што се случува во невладиниот сектор за прашања поврзани со родовите односи. Издавачи на билтенот се осум женски НВО учеснички во Програмата и МЦМС. Билтенот има ротирачко уредништво и секоја од организациите учесници во Програмата е одговорна за подготвката на еден број.
Со дистрибуцијата се опфатени 465 релевантни невладини организации, владини инситуции и поединци кои се занимаваат со оваа проблематика.

## ГРАДЕЊЕ НА ОДНОСИ ВО ЗАЕДНИЦАТА (ГОЗ)



Општата цел на Програмата е да се даде придонес кон мирна коегзистенција на заедниците, мирољубиви и добри односи во заедниците, засновани на прифаќање на разликите и на корисната меѓузависност и трансформација кон ненасилно решавање на конфликтите во Македонија.
Целта на Програмата е да се зајакне свеста на населението за културните разлики, да се зајакне капацитетот за мирно управување со конфликтите и да се создаде свест за одговорноста на заедниците и граѓаните.
Целна група се луѓето во заедниците, особено во етнички мешаните средини.

### ВЕШТИНИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Дваесет претставници на невладини организации од Македонија имаа можност да ја посетат обуката за медијација што МЦМС ја организира заедно со МННИ (Mediation Network for Northern Ireland).
Учесниците на обуката се стекнаа со знаења за основите на медијацијата, методологијата за примена, како и техниките и практичните вештини за медијација.

## МАКЕДОНСКА КРИЗА (МКК)

Општа цел е да се придонесе во зачувување на мирот во земјата.
Целта е да се поддржат иницијативи за задржување на отворениот дијалогот и да се помогне на лицата во потреба во и вон конфликтните подрачја (раселените лица).
Целна група се општата јавност и внатрешно раселените лица и други групи во потреба во подрачјата на судир.
Програмата се спроведуваше низ неколку активности: поддршка на граѓански иницијативи и информации за промоција и зачувување на мирот, дистрибуција на прехранбени и непрехранбени производи; водоснабдување и санитација; подготвеност за случај на поголема криза; информации и мерки за градење мир и доверба.
МЦМС обезбеди итна поддршка во храна, хигиенски производи и ќебиња за раселените лица во Тетово, во Гостивар, во Скопје и во Куманово, како и за луѓето во потреба од подрачјата на воен судир во Тетово, колективните центри и семејствата кои згрижија Внатрешно раселени лица. Беа дистрибуирани семејни пакети за 5,370 семејства, како и 2,200 чаршафи и ќебиња. Вкупно беа дистрибуирани 267 тони храна.
Беше поддржана изградбата на експлоатацискиот бунар и пумпната станица кои овозможуваат сопствено редовно водоснабување на Медицинскиот центар-Куманово. МЦМС постави седум гумени резервоари со зафатнина од 20 $m^3$ за технолошка вода во Арачиново и соседното село Орланци.
Беа формирани Националната хуманитарна координација, НВО хуманитарна координација за подобрување на хуманитарните состојби. Во организација на МЦМС беше одржана обука за управување со итни операции.
МЦМС поддржа три локални НВО за соодветна организациска подготвеност за кризи, и тоа: Натира, Ѓаконија и Месечина, кои се директно вклучени во хуманитарната помош на раселените лица.
МЦМС ги поттикна контактите меѓу раководствата на црквите и верските заедници во Македонија: Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелистичко-методистичката црква и Еврејската заедница.

МЦМС иницира активности за Заедничка изјава за ненасилно решавање на конфликтите, заедно со пет други НВО (Ел хилал, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина", Центарот за мултикултурно разбирање и соработка и Нансен дијалог центарот) со различна етничка позадина.



## ВРАЌАЊЕ НА РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА (ВРЛ)

Општа цел е да се придонесе кон процесот на враќање на раселените лица во селата зафатени за време на шестмесечниот вооружен конфликт.
Целта е да се поддржат директните потреби на луѓето кои се враќаат во своите домови, како и да се поддржат мерките за градење доверба, особено во етнички мешаните средини.
Целна група се внатрешно раселените лица и бегалците од селата зафатени со воени конфликти, кои се враќаат во своите домови и одлучиле да останат и да ги обноват своите имоти.
Целна област на Програмата е регионот на Тетово, Скопје и Куманово, каде што имаше воени дејствија, со постепено вклучување на селата во согласност со безбедносната ситуација.



МЦМС вршеше поправка на јавната инфраструктура (вклучувајќи водоснабдување); поправка на куќи; дистрибуција на непрехранбени продукти; градење доверба.
Извршена е поправка на училиштата во Брњарци (Скопско), Матејче (општина Липково) и училиштето во Радуша. Кон крајот на годината започна и поправката на амбулантата во селото Отља (Липково). Беше дистрибуиран градежен материјал за поправка на 647 куќи од прва и од втора категорија во регионот на Тетово, Скопје, Куманово и градот Битола. Со оваа активност на околу 3,500 лица им се овозможи целосно да ги поправат своите живеалишта и да презимат во нив.
Во Арачиново беа дистрибуирани сетови за повратници, а за околу 8,000 семејства (главно во тетовскиот и делумно во кумановскиот регон, вкупно 34 села) беа дистрибуирани 400 тони сточна храна.
Заедно со четири локални НВО, се обезбеди постојано присуство во колективните центри, со цел да им се помогне на внатрешно раселените лица да донесат одлука за своето враќање. Во тие рамки, во период од три месеци, се одржани 197 средби со ВРЛ, посетени од околу 2,900 лица.

## ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ОД СИТЕ ЗА СИТЕ

На 22 август, четири домашни НВО: Милосрдие (хуманитарна организација на Македонската православна црква), Ел хилал (хуманитарна организација на Исламската верска заедница), Класје на добрината и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), организираа конвој со хуманитарна помош за општините Вратница (за четири села со етнички Македонци и две со етнички Албанци) и Шипковица (населена со етнички Албанци).

### ЗА ПРВ ПАТ ВО ШИПКОВИЦА

На патот кон Шипковица пред нас одеше возилото на ОБСЕ. Ги поминавме контролните пунктови на полицијата и на ОНА и стигнавме во центарот на селото. Помошта требаше да ја оставиме во училиштето. Имамот Зендел ги распореди луѓето да ги растоварат продуктите.

,,Како сте чиче'', прашувам еден постар човек кој седи настрана. ,,Добро, да се рече'', воздивна тој. Се викаше Сафер Муареми, шеесет и седумгодишен, кој 32 години живеел и работел во Леверкузен, во фабриката за лекови. ,,Кога дојдов дома две недели пред Велигеден, ме зафати војната, и веќе не можев да се вратам. Морам да отидам за да ја земам пензијата.'' Тој заедно со неговото семејство, четирите деца и осумте внуци, за време на борбените дејства се криеле во подрумот. ,,Најмногу се плашев за внуците, јас и така си го одживеав животот. Со храна се снаоѓавме од тоа малку што го имавме. Некои позајмуваа од тие што имаа повеќе. Настрада многу добиток бидејќи немавме со што да го нахраниме'', раскажува Сефер.



Камионите веќе беа истоварени, а ние полека се подготвуваме да тргнеме кон Тетово, а потоа кон Скопје. Имамот Зендел, заблагодарувајќи ни се, вели: ,,Главно дека сè ова заврши, ќе се снајдеме некако.''

### ПАТУВАЊЕТО ДО ВРАТНИЦА

Колоната до Вратница беше предводена од тимот на ЕУММ. Со нас беа и шест новинари. Без запирање стигнавме до селото Лешок. Автобусите влегоа во селото. Лешочани запалија свеќи на урнатините на црквата и во тажна поворка се упатија кон своите домови. Оставивме свежа храна за малкуте преостанати жители на Лешок и продолживме понатаму.

По кратко задржување во Теарце се упативме кон Вратница. На сред Вратница ги видов истите лица од пред две недели, кога за прв пат донесовме хуманитарна помош. ,,Убаво што го донесовте ова и многу ви благодариме'', ни вели една жена од селото, ,,но ние не сакаме вака да живееме. Не ни треба помош, само нека биде слободно движењето до Тетово, да одиме на работа и од платите да живееме''. Друга жена кажува што им недостигало изминатите денови: ,,Немаме свежа храна – зеленчук, хигиенски производи, лекови, а нема ни храна за стоката''. Токму тоа е содржината на четирите камиони што ги донесовме. Камионите брзо се растовараат. ,,Треба да има помош за сите'', слушам една од жените како зборува. ,,Па и Албанците во Јажинце се во иста ситуација како и ние. И нив треба да им се помогне''.

Пристигнавме со помошта и во Јажинце. За разлика од првиот пат кога бев дочекан со недоверба и требаше трпеливо да се разговара со селските лидери да ја примат помошта, сега Зулфи Азизи (претседателот на селскиот одбор) ме пречека со насмевка и широка прегратка. Луѓето беа задоволни.

Четирите домашни НВО, со заеднички сили и соработка обезбедија значителна помош за жителите во тетовското кризно подрачје, без разлика на нивната етничка или верска припадност.

---

## НАГРАДА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА (ГОД)
## НАГРАДА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ „ХЕРТ ЈАН ВАН АПЕЛДОРН” (ГЈА)

Целта на наградите е да се поддржат граѓаните и организациите кои даваат особен придонес на локалните и на националните иницијативи за развој на граѓанското општество и демократијата, односно за одрживиот развој во Македонија.

Целни групи се организациите, групите и заедниците, како и поединците активни во граѓанскиот сектор.

Наградата за граѓанско општество и демократија за долгорочен придонес, достигнувања во претходната година и за транспарентност/соработка се доделуваат за активности поврзани со следните теми: граѓанско општество, демократија и добро владеење, промовирање и заштита на човековите права, решавање конфликти и толеранција, транспарентност и информирање или соработка. Во јуни, оваа година, за првпат е доделена наградата за граѓанско општество и демократија. Добитник е Првата детска амбасада Меѓаши, за долгогодишни постигнувања во граѓанското општество во Македонија, за афирмација на правата на детето. Наградите за постигнувања во претходната година и за трасնпарентност/соработка не се доделени.



Одлево надесно: Гордана Змијанац, Сашо Келковски, Јосиф Таневски, Кристина Дикинсон, Драги Змијанац и Мирко Спироски

Наградата за одржлив развој, пак, се доделува за активности поврзани со темите: промовирање и поддршка на правото за одржлив развој, локални и национални иницијативи за одржлив развој, одржливост. Оваа година наградата за прв пат ја добија Јосиф Таневски, за долгогодишни постигнувања; и Кристина Дикинсон за постигнувања во претходната година.

## ПОСТКРИЗНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КОСОВО (ПКК)



Општа цел е поттикнување мироѕубиви и праведни решенија за постојните разлики во Косово и регионот и надеж дека тоа е возможно, како и унапредувањето на добрососедството, соработката и мирниот соживот меѓу сите луѓе кои живеат во Косово и регионот.
Целта е да се поддржат заедниците во обновување на животот во Косово.
Целни групи на Програмата беа: бегалци кои се враќаат и внатрешно раселени лица; малцински групи и посебно ранливи групи. Приоритет им беше даден на корисниците со повеќекратна ранливост.
МЦМС обезбеди поддршка преку обезбедување сточна храна (во регионите на Драгаш, Ѓаковица и Ораховац беа дистрибуирани 320.000 кг сточна храна и 100.000 кг вештачко ѓубре за 2,000 семејства). Помош за земјоделието беше обезбедена и за општината Штрпце каде корисниците беа помогнати со по 100 кг сточна храна или вештачко ѓубре, а 2,000 семејства добија по пет кокошки-несилки.

## ТРАНЗИЦИЈА НА КОСОВО (ТКС)

Општа цел е поттикнување на мироѕубиви и праведни решенија за постојните разлики во Косово и регионот и надеж дека тоа е возможно, како и унапредување на добрососедство, соработка и мирен соживот меѓу луѓето кои живеат во Косово и регионот.
Цел на Програмата е јакнење на локалните НВО - понатамошен развој на граѓанското општество, преку градење на капацитетот на локалните НВО; поддршка на земјоделскиот сектор преку помош на фармерите и претприемачите; фокусирање на родовите прашања и задржување на вниманието кон малцинствата (особено Гораните во општина Драгаш).
Целната група е различна. Три локални НВО се првите корисници. Тие понатаму ја имплементираат Програмата. Преку неа се поддржуваат околу 50 НВО и 250 нивни членови; 180 индивидуални фармери и нивни здруженија; околу 3.000 жени преку разни иницијативи и родови прашања и се помагаат околу 18.000 Горани преку поддршка на нивните иницијативи.
По затворањето на канцеларијата во Ѓаковица продолжија подготовките и дискусиите со локалните НВО партнери за започнување развојни програми. Во согласност со претходното планирање се работеше со постоечката организација „Ние сме со вас", на формулација на програма за граѓанско општество, со неколку партнери за развојни иницијативи во Драгаш, со дел од поранешниот персонал на МЦМС во Косово, на формирање нова локална НВО, за активности во земјоделието, како и на програма за транзиција. Нов момент беше формирањето на уште една локална НВО, од поранешниот персонал на МЦМС, која се фокусира на женските прашања.
МЦМС, заедно со ИЦЦО (ICCO), ги дискутираше предложените програми со сите локални партнери од НВО. На основа на дискусиите беа поставени насоките за понатамошната програма во Косово. Програмата беше одобрена и во декември беа склучени договори со три локални партнери од НВО, за нивна организациска поддршка (Ние сме со Вас, Косовскиот развоен центар и Косовската женска иницијатива).

## МРЕЖА ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТ (МГК)

Општата цел на Програмата е да придонесе кон зајакнување на координацијата, соработката и блиските односи помеѓу хуманитарните организации, организациите за обнова и развој, ѓакониите на црквите и екуменските партнери од Југоисточна Европа, како придонес кон траен мир и стабилност во регионот.
Целта на Програмата е да се зајакнат капацитетите на екуменските партнери од Југоисточна Европа во насока на развој на меѓусебната соработка.
Целна група се партнерските НВО.
Активностите се започнати на 1 јуни 2001 година, со избор на координатор за мрежата (хабот). Координаторот, во текот на јуни, ги започна првите контакти и посети на партнерите. Во јули е посетена Бугарија, при што се остварени разговори со фондацијата Покров, Женската алијанса за развој, Фондацијата Ресурсен центар и со Унијата на бугарските фондации и асоцијации. Во почетокот на октомври имаше посета на Албанија (Дијаконија агапес, Антрац, Корисни за албанските жени, Албанската фондација за граѓанско општество), а во декември и на Југославија.

## УПРАВЕН ОДБОР

1. Мирко Спироски, претседавач
   доктор по медицински науки, професор на Медицинскиот факултет
2. Букурије Бајрами (САЖМ)
   невработена, член на Претседателството на САЖМ – Тетово
3. Свето Стевановски (НВО)
   новинар, главен и одговорен уредник на ревијата ,,Екологија''
4. Мухамед Точи (Месечина)
   невработен, член на Претседателството на ХДЗР ,,Месечина''
5. Прота Драги Костадиновски (МПЦ)
   архиерејски заменик и генерален секретар на ,,Милосрдие'', агенција на Македонската православна црква
6. Зејнула Ефенди Фазлиу (ИВЗ)
   референт во кабинетот на претседателот на Исламската верска заедница
7. Пречесен Михаил Цеков (ЕМЦ)
   пастир на Евангелско-методистичкаа црква во Струмица
8. Билјана Герасимовска-Китановска (ЕСЕ)
   доктор, претседател на ЕСЕ - Скопје
9. Наташа Габер-Дамјановска
   доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
10. Теута Крашница-Чучкова
    уредник – коментатор во Македонското радио, координатор на Одборот за мировна и граѓанска иницијатива

## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ

Мирко Спироски - претседавач
Букурие Бајрами
Василка Божиновска
Дејан Бојковски
Диме Велковски
Мето Јовановски
Андон Марковски
Абдурауф Пруси
Муќереме Руси
Самет Скендери
Даниела Стојанова
Билјана Герасимовска- Китановска
Дилбера Камберовска
Александар Михајловски
Наташа Габер-Дамјановска
Ѓунер Исмаил
Нурие Кадриу
Зоран Костов
Теута Крашница-Чучкова
Иван Тулевски
Мухамед Точи
Драги Костадиновски
Зејнула Фазлиу
Михаил Цеков
Ѓоко Ѓоргески
Димче Митрески

**Организации со советодавен статус во МЦМС од I категорија:**

1. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите ,,Месечина'' Гостивар (Месечина)
2. Хуманитарна организација ,,Ел хилал''- Скопје (Ел хилал)
3. Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје (ХКЧП)
4. Движење на екологистите на Македонија - Скопје (ДЕМ)
5. Младински совет на Македонија - Скопје (МСМ)
